ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 35 и член 46 став 9 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) и донесената Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола за 2019 година бр.09-176/46 од 25.12.2018, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**За организирање на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА по ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3-сервиси, на К.П.бр.792/1, м.в.„Довлеџик" К.О. Битола, Општина Битола**

Јавната Презентација за ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 - сервиси, на К.П.бр.792/1, м.в „Довлеџик", К.О. Битола, Општина Битола ќе се одржи на ден 01.11.2019 г. (петок) во 11.00 часот во салата на Советот на Општина Битола, на Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

Границата на ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 - сервиси, на К.П.бр.792/1, К.О. Битола, Општина Битола е дефинирана по границите на катастарската парцела 792/1 и има површина од 0.62ха.

Графичкиот прилог од ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 - сервиси, на К.П.бр.792/1, м.в. „Довлеџик", К.О. Битола, Општина Битола, ќе биде изложен во информацискиот систем за е-урбанизам, на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 01.11.2019 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета.

**Јавната анкета по ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 - сервиси, на К.П.бр.792/1, м.в.„Довлеџик", К.О. Битола, Општина Битола, ќе трае 8 работни денови почнувајќи од 01.11.2019 год. заклучно со 12.11.2019год.**

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со ЛУПД, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на ЛУПД да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-1025/3
28.10.2019 год.
БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**м-р. Наташа Петровска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk